Врз основа на член 12 ставови 2 и 3 од Законот за државните награди ("Службен весник на Република Македонија" број 52/2006 и 54/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 31 јули 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА "11 ОКТОМВРИ"**

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври", поради истекот на времето за кое се именувани, и тоа:

а) претседателот
академик Таки Фити и

б) членовите:
1. Иван Катарџиев,
2. Трајан Гоцевски,
3. Али Алиу,
4. Владимир Мартиновски;
5. Мерсел Биљали,
6. Јоана Поповска,
7. Бојан Ортаков,
8. Трајче Јанчевски,
9. Љубица Георгиева Исмаил,
10. Ристо Стефановски,
11. Тони Баталаков и
12. Илхами Емин.

II. За претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "11 Октомври", се именуваат:

а) за претседател
академик Благој Попов, МАНУ Скопје;

б) за членови:
1. проф. д-р Надежда Петковска, ИНИ, Скопје,
2. Ваљмир Азири, ликовен уметник, Тетово,
3. проф. д-р Зоран Тодоровски, директор на Државниот архив на Македонија, Скопје,
4. м-р Фехари Рамадани, професор на Државниот универзитет во Тетово,
5. Владимир Георгиевски, сликар, Архитектонски факултет, Скопје,
6. Мето Јовановски, актер во Драмскиот театар, Скопје,
7. Џелал Незири, новинар
8. Братислав Ташковски, поет, Скопје,
9. проф. д-р Љубомир Кекеновски, Економски факултет, Скопје,
10. Борјан Цанев, диригент, Македонска филхармонија, Скопје,
11. проф. д-р Славчо Стојменски, трауматологија, Скопје и
12. Муамер Садику, уметник-вајар, Гостивар.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3256/1
31 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1830.**

Врз основа на член 12 ставови 2 и 3 од Законот за државните награди ("Службен весник на Република Македонија" број 52/2006 и 54/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 31 јули 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Одборот за доделување на наградата "Св. Климент Охридски", поради истекот на времето за кое се именувани, и тоа:

а) претседателот
академик Луан Старова и

б) членовите:
1. Томе Серафимовски,
2. Бојан Шоптрајанов,
3. Џеват Гега,
4. Владимир Борозанов,
5. Јорго Бабушко,
6. Маја Бојаџиевска,
7. Симон Шемов,

8. Милка Ефтимова,
9. Александар Џамбазов,
10. Иван Ивановски,
11. Бајруш Мијаку и
12. Јагода Сланева.

II. За претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Св. Климент Охридски”, се именуваат:

а) за претседател
академик Крум Томовски, МАНУ Скопје;

б) за членови:
1. Санде Стојчевски, писател, Скопје,
2. Мемет Селмани, новинар, професор на Државниот универзитет во Тетово,
3. проф. д-р Виолета Панзова, Филозофски факултет, Скопје,
4. Драган Бошњаковски, архитект, Скопје,
5. Ваит Ајро, магистер по масовни комуникации,
6. Гоце Наневски, скулптор, Факултет за ликовна уметност, Скопје,
7. Агим Фазлиу, социолог,
8. Горан Божинов, првенец на балет - МОБ, Скопје,
9. Керим Лита, историчар,
10. Никола Фидановски-Кочо, сликар, ИК “Македонска ризница”, Скопје,
11. Ѓорѓи Тоновски, декан на Правен факултет-ФОН, Скопје и
12. проф. д-р Слободан Лазаревски, Стоматолошки факултет, Скопје.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3255/1
31 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1831.**

Врз основа на член 12 ставови 2 и 3 од Законот за државните награди (“Службен весник на Република Македонија” број 52/2006 и 54/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 31 јули 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА “МИТО ХАЏИ ВАСИЛЕВ ЈАСМИН”

I. Се разрешуваат членовите на Одборот за доделување на наградата “Мито Хаџи Василев Јасмин”, и тоа:

1. Александар Дамовски,
2. Бесим Илази и
3. Бранислав Геровски.

II. За членови на Одборот за доделување на државната награда “Мито Хаџи Василев Јасмин”, се именуваат:

1. Емил Зафировски, новинар во “Нова Македонија”,
2. Хамид Хајрулахи, новинар и
3. Бранко Илиевски, новинар во “Телма”.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3258/1
31 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1832.**

Врз основа на член 12 ставови 2 и 3 од Законот за државните награди (“Службен весник на Република Македонија” број 52/2006 и 54/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 31 јули 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА “МАЈКА ТЕРЕЗА”

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Одборот за доделување на наградата “Мајка Тереза”, и тоа:

а) претседателот
академик, Момир Поленаковиќ и

б) членовите:
1. Ванчо Узунов,
2. Ерол Ризаов,
3. Константин Танчев-Динка,
4. Јорго Ќука,
5. Петар Т. Бошковски,
6. Ресул Шабани,
7. Бранко Ставрев,
8. Јасминка Чакар,
9. Зоица Пуровска Велевска,
10. Сами Фејзулаху,
11. Ненад Вујадиновиќ и
12. Алајдин Абази.

II. За претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Мајка Тереза”, се именуваат:

а) за претседател
Али Алиу, академик од Скопје,

б) за членови:
1. д-р Александар Шиколе од Скопје,
2. д-р Нури Беџети, историчар,
3. Емил Шулајковски, сликар од Скопје,
4. д-р Музафер Бислими, историчар,
5. проф. д-р Константин Миновски, социолог, Филозофски факултет од Скопје,
6. д-р Снежана Филиповска, балетски педагог од Скопје,
7. Јелена Жугиќ, актер - Драмски театар- Скопје,
8. проф. д-р Блаже Димитровски, шумарски инженер,
9. проф. д-р Елица Манева, археолог, Филозофски факултет -Скопје,
10. Махи Несими, новинар,
11. Ристо Стефановски, театролог од Скопје и
12. Скендер Асани, историчар.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3257/1
31 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1833.**

Врз основа на член 8 став 1 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележја (“Службен весник на Република Македонија” број 66/2004 и 89/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 31 јули 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПОДИГАЊЕ НА МЕМОРИЈАЛЕН СПОМЕНИК НА ТОДОР ПРОЕСКИ ВО КРУШЕВО

Член 1

Се подига Меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.

Член 2

За подигање на Меморијалниот споменик на Тодор Проески во Крушево, Собранието на Република Македонија ќе именува Одбор за подигање на Меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.

Член 3

Националната установа - Историски музеј - Крушево, ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на Меморијалниот споменик.

Член 4

Средствата потребни за подигање на Меморијалниот споменик на Тодор Проески во Крушево ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија преку Собранието на Република Македонија.

Член 5

Средствата потребни за чување, одржување, заштита и користење на Меморијалниот споменик на Тодор Проески во Крушево ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за култура.

Член 6

Видот и содржината на Меморијалниот споменик на Тодор Проески ќе ја изразува личноста и делото на Тодор Проески, неговите музички и хуманитарни вредности.

Член 7

Меморијалниот споменик ќе се подигне во Крушево, во непосредна близина на вечното почивалиште на Тодор Проески.

Член 8

Меморијалниот споменик ќе се подигне во рок од две години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3261/1
31 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1834.**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА И ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА 2008 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма и Планот за изменување и дополнување на Финансискиот план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2008 година бр. 02-921/4 и 02-921/5 од 21.07.2008 година, донесени од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на 21.07.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3044/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**1835.**

Врз основа на член 91, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО САД, СО СЕДИШТЕ ВО САН ДИЕГО

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во САД, со седиште во Сан Диего.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3619/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**1836.**

Врз основа на член 91, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО САД, СО СЕДИШТЕ ВО ХОЛИВУД СИТИ (ФЛОРИДА)**

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во САД, со седиште во Холивуд Сити (Флорида).

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3631/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**1837.**

Врз основа на член 24, став 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07 и 15/08) и член 6, став 2 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА – „СПОМЕН КУЌА НА МАЈКА ТЕРЕЗА" - СКОПЈЕ**

Член 1

Заради заштита, истражување, одржување, користење и презентација на музејски предмети поврзани со животот, делото и мисијата на Мајка Тереза се основа Национална установа – „Спомен куќа на Мајка Тереза" – Скопје, како непрофитна установа од областа на културата.

Член 2

Националната установа – „Спомен куќа на Мајка Тереза" – Скопје (во натамошниот текст: Национална установа) врши музејска дејност.

Член 3

Називот на Националната установа гласи: „Република Македонија" Национална установа „Спомен куќа на Мајка Тереза" – Скопје.

Седиштето на Националната установа е на улица „Македонија" бб – Скопје.

Член 4

Министерот за култура во рок од една (1) година од денот на влегување во сила на оваа одлука ќе именува вршител на должноста директор на Националната установа, како одговорно лице кое ќе ги врши работите на претставување и застапување на Националната установа до нејзиното конституирање.

Министерот за култура во рок од една (1) година од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе именува Управен одбор на Националната установа, согласно член 34 од Законот за културата.

Член 5

Управниот одбор на Националната установа во рок од 30 дена од денот на неговото именување на предлог на вршителот на должноста директор, ќе го донесе Статутот на Националната установа.

Член 6

Министерството за култура во рок од осум дена од денот на дадената согласност на Статутот, распишува Конкурс за избор на директор на Националната установа.

Член 7

Средствата и имотот за работа на Националната установа ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за култура, како и од други извори.

Член 8

Упис во Централниот регистар на Република Македонија ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на изборот на директор на Националната установа.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3728/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**1838.**

Врз основа на член 24, став 1 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 82/05, 24/07 и 15/08) и член 6 став 2 од Законот за музеите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА – НАЦИОНАЛЕН МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА ДРЖАВНОСТ И САМОСТОЈНОСТ – "МУЗЕЈ НА ВМРО И МУЗЕЈ НА ЖРТВИТЕ НА КОМУНИЗМОТ" – СКОПЈЕ**

Член 1

Заради заштита, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување на музејски предмети значајни за национално ослободителната и револуционерна борба на македонскиот народ и неговата револуционерна организација и личности кои станале жртви на комунистичкиот режим се основа Национална установа – Национален музеј на македонската борба за државност и самостојност – "Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунизмот" – Скопје, како непрофитна установа од областа на културата.

Член 2

Основна дејност на Националната установа – Национален музеј на македонската борба за државност и самостојност – "Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунизмот" – Скопје е музејска дејност.

Член 3

Називот на Националната установа гласи "Република Македонија" Национална установа – Национален музеј на македонската борба за државност и самостојност – "Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунизмот" – Скопје е музејска дејност.

Седиштето на Националната установа е на улица "Иљо Војвода" бб – Скопје.

Член 4

Министерот за култура во рок од една (1) година ќе именува вршител на должноста директор на Национал-

ната установа, како одговорно лице кое ќе ги врши работите на претставување и застапување на Националната установа до нејзиното конституирање.

Министерот за култура во рок од една (1) година од денот на влегување во сила на оваа одлука, ќе именува Управен одбор на Националната установа, согласно член 34 од Законот за културата.

Член 5

Управниот одбор на Националната установа во рок од 30 дена од денот на неговото именување на предлог на вршителот на должноста директор, ќе го донесе Статутот на Националната установа.

Член 6

Министерството за култура во рок од осум дена од денот на дадената согласност на Статутот распишува Конкурс за избор на директор на Националната установа.

Член 7

Средствата и имотот за работа на Националната установа ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, преку Министерството за култура, како и од други извори.

Член 8

Упис во Централниот регистар на Република Македонија ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на изборот на директор на установата.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3729/1 Претседател на Владата
25 јули 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**1839.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.07.2008 година, одобри

**ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ПОД БР. 19-1286/1 ОД 4.03.2008 ГОДИНА ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО И УСЛУГИ "МАСТЕРБЕТ" ДОО СКОПЈЕ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ**

1. Во Лиценцата под бр. 19-1286/1 од 4.03.2008 година, издадена на Друштвото за туризам, угостителство и услуги "Мастербет" ДОО Скопје, за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб, во точката 3 зборовите: "и еден автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе играчи" се бришат.

2. Ова изменување на Лиценца се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3582/2 Претседател на Владата
25 јули 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

**1840.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.07.2008 година, одобри

**ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ПОД БР. 19-4786/1 ОД 22.12.2005 ГОДИНА ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И УСЛУГИ „МАКОТЕН" ДООЕЛ ГЕВГЕЛИЈА ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО ИГРАЧНИЦА (КАЗИНО) ШТО СЕ НАОЃА ВО ХОТЕЛСКИОТ КОМПЛЕКС „ФЛАМИНГО" ВО ГЕВГЕЛИЈА, ГРАНИЧЕН ПРЕМИН БОГОРОДИЦА**

1. Во Лиценцата под бр. 19-4786/1 од 22.12.2005 година, издадена на Друштвото за угостителство, туризам и услуги „Макотен" ДООЕЛ Гевгелија, за постојано приредување на посебни игри на среќа во играчница (казино), во точката 3 бројот "388" се заменува со бројот "389", бројот "16" се заменува со бројот "14", бројот "12" се заменува со бројот "10" и бројот "3" се заменува со бројот "2".

2. Ова изменување на Лиценца се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3583/1 Претседател на Владата
25 јули 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**1841.**

Врз основа на член 32 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе

**К А Л Е Н Д А Р ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2008/2009 година.

Член 2

Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2008 година, а завршува на 31 август 2009 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2008 година и завршува на 10 јуни 2009 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2008 година и завршува на 30 декември 2008 година.

Второто полугодие започнува на 20 јануари 2009 година и завршува на 10 јуни 2009 година.

Член 4

Во текот на учебната година се организира зимски и летен одмор за учениците.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2008 година и завршува на 19 јануари 2009 година.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2009 година и завршува на 31 август 2009 година.

Член 5

Основните училишта во времето од 11 јуни до 19 јуни 2009 година организираат дополнителна настава и одделенски испити, а од 17 август до 27 август организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити и ги спроведуваат истите.

Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во текот на наставната година во основните училишта се остваруваат најмалку 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

Член 9

Работните деновите кога се изведуваат ученичките екскурзии и 21 март - Денот на еколошката акција на младите во Република Македонија, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој календар престанува да важи Календарот за организација на учебната 2007/2008 година во основните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/07).

Член 11

Овој календар влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 септември 2008 година.

Бр. 10-1379/1
18 јули 2008 година
Скопје

Министер,
**Сулејман Рушити,** с.р.

---

**1842.**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08), министерот за образование и наука донесе

## К А Л Е Н Д А Р ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во јавните средни училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовна дејност и ученички одмор за учебната 2008/2009 година.

Член 2

Учебната година во јавните средни училишта почнува на 1 септември 2008 година, а завршува на 31 август 2009 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2008 година и завршува на 10 јуни 2009 година, освен во последната година од гимназиското образование, стручното образование со четиригодишно и тригодишно траење на образованието и уметничкото образование каде редовната настава завршува на 20 мај 2009 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 1 септември 2008 година и завршува на 30 декември 2008 година.

Второто полугодие започнува на 20 јануари 2009 година и завршува на 10 јуни 2009 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2008 година и завршува на 19 јануари 2009 година.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2009 година и завршува на 31 август 2009 година.

Член 5

Јавните средни училишта, за учениците од завршните години на средното образование, во времето од 21 мај до 05 јуни и од 25 јуни до 03 јули 2009 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, испити за побрзо напредување, матурски и завршни испити.

Јавните средни училишта во времето од 11 јуни до 19 јуни и од 12 август до 21 август 2009 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испити за побрзо напредување.

Член 6

Екстерните испити од државната матура во гимназиското, уметничкото и во четиригодишното стручно образование во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини:

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 11 јуни 2009 година со почеток во 9 часот
- математика, англиски јазик, француски јазик, германски јазик, односно руски јазик на 13 јуни 2009 година со почеток во 9 часот;

За учениците кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во јунскиот испитен рок, се организира втор испитен рок во август во следните термини:

- македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература на 13 август 2009 година со почеток во 9 часот;
- математика, англиски јазик, француски јазик, германски јазик, односно руски јазик на 15 август 2009 година со почеток во 9 часот.

Интерните испити од изборниот дел на државната матура се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии и тоа:

- во јунскиот испитен рок во времето од 15 до 26 јуни 2009 година, и
- во августовскиот испитен рок во времето од 17 до 27 август 2009 година.

Презентацијата и одбраната на проектната задача се реализира во периодот од:

- од 01 април до 08 мај 2009 година, и
- од 17 август до 27 август 2009 година.

Член 7

Училишната матура во гимназиското образование, училишната матура во уметничкото образование и завршниот испит во четиригодишното стручно образование се спроведуваат во два испитни рока и тоа: јуни и август.

Во јунскиот рок:

- задолжителен дел (македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература) на 15 јуни 2009 година со почеток во 9 часот.

Во августовскиот рок:

- задолжителен дел (македонски јазик и литература, албански јазик и литература, односно турски јазик и литература) на 17 август 2009 година со почеток во 9 часот.

Испитот од изборниот дел на училишната матура во гимназиското и во уметничкото образование, испитот од изборниот дел на завршниот испит во четиригодишното стручно образование и проектната задача се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии и тоа:

- во јунскиот испитен рок во времето од 17 до 26 јуни 2009 година, и
- во августовскиот испитен рок во времето од 19 до 27 август 2009 година.

Член 8

Завршниот испит во тригодишното стручно образование се спроведува во три испитни рока и тоа: јуни, август и јануари.

Во јунскиот рок:

- македонски јазик и литература, односно албански јазик и литература на 15 јуни 2009 година со почеток во 9 часот.

Во августовскиот рок:

- македонски јазик и литература, односно албански јазик и литература на 17 август 2009 година со почеток во 9 часот.

Во јануарскиот рок за време на зимскиот одмор на учениците.

Индивидуалната практична работа во тригодишното стручно образование се спроведува во термини утврдени од училишната матурска комисија на предлог на соодветните училишни предметни комисии.

Член 9

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 10

Во текот на наставната година во јавните средни училишта во завршната година на образованието се остваруваат најмалку 166 наставни денови, а за сите останати се остваруваат најмалку 180 наставни денови.

Член 11

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

Член 12

Работните деновите кога се изведуваат ученичките екскурзии, 21 март - Денот на еколошката акција на младите во Република Македонија, денот на полнолетството, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

Член 13

Феријалната практика се остварува во зависност од специфичноста на образовниот профил и се изведува за време на летниот одмор на учениците.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој календар престанува да важи Календарот за организација на учебната 2007/2008 година во јавните средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/08).

Член 15

Овој календар влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 септември 2009 година.

Бр. 11-5342/1
18 јули 2008 година
Скопје

Министер,
**Сулејман Рушити,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008096